Во акта - Арх. знак: 0804
Рок на чување: 10 год.
31. 12. 2019 год. Потпис,
Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 1409-204/2
24. 07. 2019 год.
СКОПЈЕ

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 28 седница одржана на 05.07.2019 година, донесе

Република Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР
СКОПЈЕ

| Примено: 26-07-2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 121/4 | | |

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Дизајн и технологии на мебел и ентериер" трет циклус студии на Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" скопје**

1. Се акредитира студиска програма **„Дизајн и технологии на мебел и ентериер" трет циклус студии на Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 3 години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање:

**Доктор на науки по дизајн и технологии на мебел и ентериер**
Научно - истражувачко подрачје: Биотехнички науки
Научно - истражувачко поле: 411.
Научно - истражувачка област: 41102.

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **пет** (III циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2019/2020......

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер Скопје, трет циклус студиска програма „Дизајн и технологии на мебел и ентериер", на 28.03.2019 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 26 седница, одржана на 30.05.2019 година формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 28 седница одржана на 05.07.2019 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Владо Камбовски